**Што нема да се финансира со мерката 101 од Програмата?**

- даноци, вклучувајќи даноци на додадена вредност,
- царини и увозни давачки, или некои други давачки,
- купување, изнајмување или закуп на земја и постојни објекти, независно од тоа дали закупот ќе доведе до пренесување на сопственоста на закупецот,
- казни, финансиски казни и трошоци од судски спорови,
- оперативни трошоци,
- користени машини и опрема,
- банкарски давачки, трошоци за гаранции и слични давачки,
- придонеси во натура,
- купување на права за земјоделско производство, животни, годишни растенија и нивно засадување,
- секое одржување, амортизирање и трошоци за наем,
- трактори, мотокултиватори, опрема за подготовка на почвата, опрема за садење и машини за берба, ѓубрива и ѓубрење на почвата.

**Кои се финансиските услови треба да се исполнат?**

- Вкупни прифатливи трошоци по апликација се од 5,000 до 400,000 Евра
- Стапката на кофинансирање од националните и ЕУ фондовите е 50% од вкупните прифатливи трошоци; каде за Мерката 101 оваа стапка за млади фармери (до 40 години) е 55%.
- Апликантите може да поднесат апликации во вкупна вредност од 530,000 Евра од вкупните прифатливи трошоци во програмскиот период 2007 -2013. Претходниот проект мора да биде успешно реализиран односно да е завршена последната исплата за да апликантот може да поднесе нов проект.
- Активностите во рамките на прифатливите трошоци мора да се изведат после потпишувањето на договорот со АФПЗРР, со исклучок на физлибилити и технички студии, во рамките на процентот одобрен во мерката.
- Во трошоците предвидени во инестицијата прифатливо е 5% од вкупната вредноста на инвестицијата да се искористат за подготовка на бизнис план или во случаи на инвестиции за конструкција 12% од вкупната вредност на инвестицијата прифатливо е да се искористат за подготовка на технички проект за конструкција.
- Корисниците мора да ги чуваат сите финансиски документи 5 години по завршување на инвестицијата

**Што е ИПАРД?**

ИПАРД програмата претставува збир на мерки за спроведување на политиката за рурален развој која се стреми кон зголемување на конкурентноста и модернизација на земјоделското производство, постигнување на квалитетна и безбедна храна, усогласување со стандардите на Европската Унија за квалитет, здравје, безбедност на храната, здравјето на животните и животната средина, оддржливо управување со природните ресурси и подобрување на условите за живот во руралните средини и руралната економија. Програмата ја зголемува можноста за пристапување до финансиски средства за инвестирање во скапата модернизација на економски одржливите земјоделски стопанства и прехранбената индустрија со цел да постигне согласност со минималните стандарди на Европската Унија.

**Каде да аплицирате?**

Апликацијата со сите потребни пропратни документи треба да се доставаат до Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**За повеќе информации:**


**Тело за управување со ИПАРД**
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
Ул. Беласица 2, 1000 Скопје
Телефон: 02/ 3109 809
www.mzsv.gov.mk
www.ipard.gov.mk

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**
Ул.Скупи 3а
1000 Скопје
Телефон: 02/ 3097 450
www.ipardpa.gov.mk



*Во рамките на ЕУ Инструментот за предпристапна помош за Рурален развој (ИПАРД) – Национална Програма за Земјоделство и рурален развој 2007-2013 подржано од:*


**ИПАРД ПРОГРАМА**

**ЗА**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**2007-2013**



## Мерка 101

## Инвестиции во земјоделските стопанства за нивно преструктуирање и надградба до стандардите на Европската Унија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**Цел на мерката:**

Подобрувањето на конкурентноста во земјоделскиот сектор преку зголемување на квалитетот на производството со користење на модерните средства за производство и технолошкиот напредок на производствените процеси во согласност со стандардите на заедницата поврзани со благосостојбата на животните, здравствената состојба на животните и растенијата и стандардите за животната околината.

**Кој може да аплицира?**

Земјоделски стопанства во сопственост или изнајмени од физички или правни лица, задруги или правни ентитети што се занимаваат со преструктуирање на земјоделството и со надградување на стандардите на Заедницата и кои треба да се упишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој.

**Кои се генералните критериуми за да се аплицира?**

- Докажано професионално искуство на апликантот
- Да покаже финансиска и економска одржливост на инвестицијата преку бизнис план
- Да нема заостанати долгови према државвата
- Лоакцијата каде ќе се имплементира проектот да е во дефинираните рурални подрачја
- Да докаже сопственост или договор за користење / концесија на земјиштето за минимум 5 години; посебни барања има во случај на градежни работи, подобрување на систем за иригација
- Инвестицијата да е во согласност со релевантните национални стандарди за животна средина, хигиенска пракса и добросостојба на животните на датата на склучување на договорот и да е во согласност со минималните релевантни ЕУ стандарди на карј од реализација на инвестицијата.

**Кои сектори се поддржани со оваа мерка и под кои услови?**

***Винарство:***

- Обнова на постоечки лозови насади постари од 20 години преку замена на саден материјал со сорти наведени во Правилникот за класификација на сорти на грозје за производство на вино со исклучок на хибридни сорти, вклучувајќи и работа од трети лица
- Опрема за микро иригациони системи за наводнување на земјоделските стопанства
- Опрема за фертилизација, за заштита на здравјето на растенијата, за култивација и мрежи за заштита од град
- Апликантите мора да докажат сопсвтеност од минимум 10 години или договор за користење
- Големина на потребните капацитет: 0,5 – 20ha (за физички лица); 0,5 –50ha (правни лица, задруги) лоцирани на дефинираните вински региони во земјата;

***Овоштарство:***

- Обнова на постоечки овошни насади постари од 15 години преку замена на саден материјал во согласност со Правилникот за домашни и странски одобрени сорти на овошен саден материјал со исклучок на хибридни сорти
- Опрема за микро иригациони системи за наводнување на земјоделските стопанства
- Специјализирана опрема за фертилизација, за заштита на здравјето на растенијата, за култивација и мрежи за заштита од град
- Големина на потребните капацитет: 0,5 – 15ha (за физички лица); 0,5 – 30ha (правни лица, задруги)

***Произвоство на зеленчук (пластеници / стакленици)***

- Конструкција / Модернизација на постоечки пластеници (со исклучок на тунелски фолии) и постоечки стакленици
- Специјализирана земјоделска опрема за производство и култивација на зеленчук
- Обнова на опрема за микро иригациони системи за наводнување на земјоделско стопанство
- Инвестициите за објекти за пост бербени активности мора да имаат вклучено технички планови за контрукција / реконструкција, и апликантот мора да докаже сопственост или договор за користење за минимум 10 години
- Големина на потребните капацитет: за пластеници: 0,3 – 3ha; за стакленици: 0,1 – 2,5ha (физички лица); за пластеници: 1 – 8ha; за стакленици: 1,5 – 6ha (правни лица, задруги)
- Во случаи на инвестиции за стакленици, апликанитите мора да докажат сопственост или договор за користење со право за користење на стакленици за минимум од 10 години;

***Производство на зеленчук на отворено:***

- Модернизација на опрема за микро иригациони системи за наводнување на земјоделско стопанство
- Набавка на специјализирани земјоделски машини и опрема
- Големина на потребните капацитет: 0,5 – 15ha (за физички лица); 0,5 – 30ha (правни лица, задруги)

***Млекопроизводство (молзни крави, овци, кози):***

- Конструкција / модернизација на штали со минимум простор за молзни крави од 5m²/за крава, и за кози и овци од минимум простор од 1,4m²/ за животно без придружните простории
- Конструкција / модернизација на објекти за чување на сточна храна
- Набавка на опрема за производство на сточна храна
- Модернизација на опрема за ѓубрење
- Набавка на специјализирана опрема за млекарство вклучувајќи и објекти за складирање и ладење на млекото
- Апликантите мора да докажат сопственост или договор за користење за минимум од 10 години
- Големина на потребните капацитет: крави: 10 – 100, кози: 50 – 500, овци: 300 - 3000 (за физички лица); крави: 15 – 150, кози: 80 – 800, овци: 500 - 8000 (правни лица, задруги)

***Месопроизвостдво (маторици, товеници, живина):***

- Изградба / модернизација на штали за маторици/товеници од минимум простор од 1,3m² за маторица и 0,65м² за товеница
- Конструкција/модернизација на објектите на земјоделските стопанства за складирање на концетрирана и кабаста сточна храна, депоа за арско ѓубриво и други објекти кои ќе служат како придружни простории
- Изгрдаба на производни единици за гоење на живината (бројлерите) со минимална површина од 30 kg/m² или 17 бројлери/ 1m²
- Апликантите мора да докажат сопственост или договор за користење за минимум од 10 години Големина на потребните капацитет: товеници: 2000 - 8000, маторици: 40 – 100, бројлери: 5000 - 30000 (за физички лица); товеници: 2000 - 30000, маторици: 40 – 400, бројлери: 5000 - 60000 (правни лица, задруги)